МУЗЕЈ НА МНТ

ИСЧЕКОР КОН СОНЦЕТО



Изложба 03. 04. 2016 - 03. 05. 2016
71 година Македонски Народен Театар

МУЗЕЈОТ НА МНТ ВО 2016:

КЛИК и веќе сме со реализираната прва виртуелна 360* тура низ постоечката изложбена поставка-исчекор со кој Македонскиот Народен Театар почнува да ја исцртува патеката на идејата за **КЛИК МУЗЕЈ / Click Museum - КЛИК ТЕАТАР / Click Theatre.**
КЛИК и го имате на дланка светот од нашите „театарски приказни“. КЛИК и ја имате пред вас тантелата од работ на шамивчето испуштено во креативниот занос до пијаното на Ана Липша Тофовиќ; бисерната белина на прилепскиот мермер во кој Димо Тодоровски го замрзна виорот од балетската патика на Натка Пенушлиска; КЛИК и веќе Ве плени виртуозноста на двајцата мајстори на својот занает Кондовски и Прличко собрани комшиски на едно место на едно платно од кое ве поздравуваат и двајцата. И така во бескрај, оти бесрајно долги и миговно куси моменти можете да искреирате самите, КЛИКајки и талкајки низ виртуелниот музеј кој за Вас го подготвивме оваа година во Музејот на МНТ.
http://mnt.mk/360/MNTtour.html

Министерство за култура
на Република Македонија

Проектот е реализиран со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија



Добриот Дух на Македонскиот народен тетар - Петре Прличко, автопортрет

Има денови подолги од години, и онакви – пократки од воздишка, денови столетија зад кои останува куфер од спомени за едно време и едни луѓе кои животот го престорија *театаро*, а на *театротто* му дадоа живот. Денови во кои го приближија Сонцето, оние кои ги нарекуваме Платоновци, оние за чиј занос на сцената и денес со восхит говориме, оние кои ја втемелија историјата на *Македонскиот народен театар*.

ИСЧЕКОРИЈА во првата сезона 1945/46, иако сè уште на многумина висеа партизанските шињели, иако текстовите на македонски јазик беа пишувани на машини со туѓи слова. Но, мигот за првпат слободно да се изговори реплика на мајчиниот јазик навистина го внесе сонцето во срцата и на Платоновците и на нивната публика. ИСЧЕКОР за кој говориме на овогодишната изложбата ***Исчекор кон сонцето***, како проект со кој *Музејот на Македонскиот народен театар* продолжува систематски да ја внесува публиката во својата утроба, претставувајќи ги највредните оригинални документи и предмети зачувани во неговите трезори.

ИСЧЕКОР беше и иницирањето и поддршката за формирање на *Музеј на МНТ* од страна на Министерството за култура на РМ во 2010 година, со што се премости јазот од безмалку 60.тина години во кои не било воспоставено систематско музејско собирање и архивирање на сето она што претставувало ткиво на меморабилијата од продукцијата на претставите на *МНТ* и, воопшто, од театарскиот живот во Македонија. Овој проект овозможи започнување на систематско собирање на музејски материјал, што резултираше со конституирање на десетина музејски збирки со одличен квалитет.

ИСЧЕКОР е поставувањето на овогодишната изложба ***Исчекори кон сонцето*** која е четврто претставување од продукцијата на *Музејот на МНТ*, почнувајќи од 2013 година. Со тоа ја задржуваме ориентацијата на *Музејот на МНТ* за презентирање на оригинални предмети и фотографии кои се исклучиво сопственост на Музејот. Со ваквиот приод се обидуваме да обрнеме внимание на важноста на собирачката дејност на автентични музејски предмети, особено од повоениот период од постоењето на *МНТ*, бидејќи недостатокот на истите претставува најголемата тешкотија за целосна визуелна реконструкција на десетиците претстави одиграни во тој период, а во кои го вградиле својот ентузијазам и жар десетици актери, режисери, сценографи, костимографи и други театарски работници – основоположниците на *МНТ*.

ИСЧЕКОР е кога *Музејот на МНТ* го добива својот прв вработен кустос, од самиот крај на 2015 година. со што се создадоа услови за започнување на соодветна музејска обработка и евиденција на собраниот материјал. Иако сè уште речиси сите музејски

МУ ЗЕЈ НА МНТ

збирки се во фаза на доформување, што подразбира недостаток на потребната количина на квалитетни автентични музејски предмети за подготовка на сеопфатни големи изложбени концепти, сепак *Музејот* ги користи сите алатки на современата музеологија.

ИСЧЕКОР е формирањето на збирката ***Сеќавања*** – видео записи кои започнавме да ги создаваме од интервјуата со граѓаните, забележувајќи ги драгоцените сеќавања за скопскиот театарски живот што тие ги споделуваат со нас. На тој начин заедно создаваме драгоцена база на податоци, најчесто надополнета со предмети и фотографии кои граѓаните со љубов ги зачувале во своите домови. Токму затоа, поканата за интерактивно учество на посетителите во надоградување на меморабилиите за овие изминати времиња е отворена со денот на отворање на вратите на *Музејот на МНТ* за да продолжиме сите заедно да ИСЧЕКОРУВАМЕ пред идните генерации љубители *на Македонскиот народен театар*, следени од *Здраво – живото на Добриот Дух на МНТ – Чичко 5-ре Прличко.*

Јасминка Намичева

МУ ЗЕЈ НА МНТ

ОД КУД КОЧО РАЦИН ДО *МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР* - СКОПЈЕ

На Македонскиот народен театар – Скопје зачетокот му е во 1944 година, коганеколку културно-уметнички групи ќе го разгранат делувањето и во Скопје. Понеколкуте приредби и настани организирани и предводени од македонски актери, на 31 декември 1944 година, во рамките на новогодишната прослава, во салата на Театарот во Скопје изведени се четири едночинки: Силата на љубовта, Нашето девојче, Љубов и долг и Гардиското знаме (сите во режија на Димитар Ќостаров). Се формира актерската екипа која станува носечки стопб и, на одреден начин, ја започнува дејноста на МНТ која во јануари 1945 и официјално започува со работа.



документарна фотографија од едночинката *Гардиското знаме*, премиера: 31. 12. 1944

Во период кога Скопје е под урнатини – последици од војната се на секој чекор, а луѓето се исцрпени и желни за ново – почетокот на пролетта 1945 година ја носи и *пролетта* на професионалниот театар на македонски јазик. На сцената на тогашниот *Народен театар* – Скопје, а денес *Македонски народен театар* – Скопје, се пали светлото за почеток на премиерата на првата автентична скопска и македонска претстава легендарната *Платон Кречет*. Младата Вера Вучкова, која прва проговорува на сцената, заедно со поискусните актери Илија Милчин, Петре Прличко, Милена Година и Крум Стојанов, и останатиот дел од актерската екипа, водени од сигурната рака на Димитар Ќостаров, го понесуваат *слаткиот* товар на развој на никулците на македонскиот театар. Со талентот, посветености и моќта да создаваат ликови кои ќе заживеат на сцената, ја привлекуваат публиката која е желна за уметност.

ПРВИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО СЕЗОНАТА 1945/46 ГОДНА



Чорбаџи Теодос од Васил Иљоски, премиера: 05. 05. 1945



Народен пратеник од Бранислав Нушиќ, премиера: 15. 08. 1945



Платон Кречет од Александар Корнејчук, премиера: 03. 04. 1945



Тартиф од Ж. Б. Молиер, премиера: 16. 10. 1945



Сомнително лице од Бранислав Нушиќ, премиера: 26. 10. 1945



Власт од Бранислав Нушиќ, премиера: 26. 10. 1945



Татковиот дом од Валентин Катаев, премиера: 27. 11. 1945


Првата сезона бележи огромен успех и ги поставува темелите на театарската уметност. Богатата и интензивна работа која владее, предводена од директорот Димитар Ќостаров, резултира со поставување на 10 (десет) премиери и прикажување на над 200 (двеста) одиграни претстави, од кои 8 (осум) во режија на Ќостаров, 1 (една) на Петре Прличко, и 1 (една) која е заедничка режија на Петре Прличко и Тодор Николовски. Поткрепени со сценографијата и костимографијата на Томо Владимирски и Василие Поповиќ – Цицо, се поствени претстави работени според драми од советски и тогаш југословенски автори, со реалистичка поетика и естетика. Со рапиден уметнички успех и директно и реалистично визуелно пренесување и поставување на текстовите на сцената, се прикажуваат претстави кои се блиски до публиката по својата тематика, кои се доследни и објективни, но и кои со својата кохерентност и интимност ја документираат и валоризираат македонската театарска историја.

д-р Ивана Јарчевска

МУЗЕЈ НА МНТ



Мисијата на Мистер Перкинс во земјата на болшевиците од Александар Корнејчук, премиера: 22. 01. 1946



Кралот на Бетајнова од Иван Цанкар, премиера: 03. 04. 1946



Прикаска за правдата од Маргарита Алигер, премиера: 01. 05. 1946

МНТ во Пиринска Македонија на турнеја, 1946год.



Достигнувањата на *МНТ* се согледуваат и во успешноста и преполните сали за време на првата турнеја низ Македонија, оддржана од 25 јуни до 5 август 1945. Прикажани се актуелните целовечерни претстави кои се на репертоарот: *Платон Кречет, Народен пратеник* и *Татковиот дом*, во 18 (осумнаесет) градови меѓу кои: Куманово, Штип, Битола, Крушево, Охрид, Прилеп... Поучени од оваа турнеја, следната година, во месец мај, *МНТ* го има своето прво гостување надвор од Републиката: големата турнеја во Белград, Софија и Пиринска Македонија. Таа претставува предизвик, но и можност за потврдување на постигнатото и добивање на поширок развој и растеж. Наидува на позитивни критики и одзив кај публиката, што е уште еден доказ за успешното работење на театарот, неговите актери и режисери и воопшто целокупниот ансамбл.


ЧОРБАЏИ ТЕОДОС, ПРВАТА ПРЕТСТАВА РАБОТЕНА СПОРЕД ТЕКСТ ОД МАКЕДОНСКИ АВТОР

Во мемоарите на македонската театарска историја останува запомната претставата *Чорбаџи Теодос*. Оваа домашна класика – битова драма на Васил Иљоски, е третото дело на репертоарот; една е од петте најиграни претстави изведени на сцената на МНТ од основањето до денес. Драмата е прво дело од македонски автор поставено на сцена од македонски јазик. Значаен чекор е во развојот на театарот и во македонската драмска литература. Енергија надополнета со моќен актерски набој (особено истакнувајќи ги Тодор Николовски и Петре Прличко), изразено толкување/протолкување на суровата реалност и разиграна динамика во секоја сцена и/или ситуација! Низата на интриги, комични моменти и анегдоти кажани на скопски дијалект се препознатлив знак за оваа автентична, исклучителна и релевантна антологиска пиеса.



Оригинална програмка *Чорбаџи Теодос*, сезона 1945/46

Костимографска скица за Мери Бошкова во улогата на Кева, автор: Рада Петрова – Малкиќ, 1965





Текст за припрема на драмата *Чорбаџи Теодос*, користен од Крум Стојанов во 1945/46

СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ, ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА КОЈА НАЈДОЛГО ЖИВЕЕ ВО МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Петта одиграна претстава во *Македонски народен театар* е *Сомнително лице*, една од антологиските и културни претстави која влегува во речиси секоја анализа за современиот македонскиот театар. Со секогаш свежиот манир и приказ на човечката свирепост предизвиканата од „мали“ амбиции и интереси, на сцената се случува синтеза на внимателно одбрани и смислени сензации, со вешто постигнати актерски виртуози и прецизно решени визуелни читливи форми, како и зајадлив хумор. Фактот дека оваа престава се игра на сцената на *МНТ* речиси четриесет години зборува за функционалноста, актуелноста, виталноста и свежината која ја создаваат режисерот, сценографот и целокупната актерска екипа. Оваа митска претстава во историјата на *МНТ* за првпат е прикажана на 26. 10. 1945 година. Претставата е во режија на Димитар Ќостаров, а сценографија и костимографија се на Василије Поповиќ–Цицо кои во 1982 година ги обновува Бранко Костовски. Непрекинато се игра од 1945 до 1987 година (последен пат е одиграна на 21. 05. 1987), вкупно е одиграна 262 (двеста шеесет и два) пати, и е една од најизведуваните претстави на сите времиња. Во текот на изведбите, меѓу двете официјални премиери, во ликовите се менуваат актерите по повод обнови (1949, 1964 и 1970 година) или гостувања (1953 и 1957). Единствените актери кои се и нејзини амблемски ликови се оние на Петре Прличко во улогата на Јеротие Пантиќ, Тодор Николовски во улогата на Жика (иако во првите изведби оваа улога ја игра и Предраг Дишљенковиќ) и Тома Киров како Алекса Жуниќ.



Програмка за *Сомнително лице* од сезоната 1945/46

Плакат *Сомнително лице*, јубилејна претстава, 25 години на сцената на Македонски народен театар во Скопје, 12 октомври 1970





Сомнително лице, јубилејна претстава, 25 години на сцената на Македонски народен театар во Скопје, 12 октомври 1970



Авторска евокација на „Сомнително лице“, 1945, МНТ



Мери Бошкова (1924-2014) е големата дама на македонскиот театар. Најпрво се вработува во ансамблот на *Народниот театар* – Битола (1945), набргу преминува во *Драмата на МНТ* (1945-1956). Потоа заминува во Белград каде работи во *Драмата на Народно позориште* (1957-1963), за да се врати во Скопје и одново да заигра на сцената во *Драмата на МНТ* (1964-1982). Во театарот останува активана и по пензионирањето (1982). Добитник е на повеќе награди меѓу кои: Награда *11 Октомври* (1967 и 1980); *Стериина награда* за најдобро актерско остварување (1982), Награда за најдобро актерско остварување (1977) и Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (1989).

Вера Вучкова (1925-2014) е дел од легендата за почетоците на *МНТ* поради првата изговорена реплика на сцената. Актерските почетоци и се во 1944 кога се приклучува на театарската група во Горно Врановци, а во ноември 1944 доаѓа во штотуку ослободеното Скопје. Заедно со останатите актери од групата се вработува во *МНТ*. Учествува и во основањето и активноста на *Областениот Македонски Народен Театар* во Горна Џумаја/Благоевград (1947/48) во чиј репертоар ги игра носечките улоги во петте претстави кои овој театар ги одигрува. Кариерата ја продолжува во Бугарија и во 1964 се враќа во *МНТ*, во кој е и по пензионирањето во 1982. Последната *МНТ*-овска премиера и е на 3 април 1987, кога ја игра Цонка во обновениот *Чорбаџи Теодос*. Добитник е на наградата за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (2005).





Милена Година (1912-1995) завршува четиригодишна актерска школа во Марибор (1929-1933), а две години учи и соло пеење. На театарската сцена е од 1934, најпрво во Театарот во Марибор, Словенија. Потоа се сели во Македонија, каде работи во *Народен театар „Краљ Александар I“* – Скопје, во сезоната 1937/38 г. Дел е од првата група на ангажирани актери во *МНТ* каде во 1945 ја толкува главната женска улога во *Платон Кречет*. На турнејата во Бугарија (1946) наградена е со Орденот за заслуги за народ, која ја доделува бугарскиот претседател Ѓорѓи Димитров. Заедно со Илија Милчин од словенечки јазик ја преведува и пиесата *Кралот на Бетајнова* од Иван Цанкар. Во 1949 се враќа во Словенија и се вработува во *Словенско народно гледалишче* – Љубљана.

Добрила Ивановска - **Чабриќ** (1928) е една е од најмладите актерки која во 1945 година се вработува во *МНТ*. По дваесетгодишна успешна кариера (1945-1957) како искалена актерка, заминува во *Театарот на Таразије* – Белград, во кој е следните седум години, по што прави нов пресврт и престанува да се занимава со театар. Станува естраден уметник и членка на „Дуото Нанос“. Во 2012 на Малата сцена на МНТ ја игра монодрамата *Мис Маргаред*а, во режија на Виоелта Џолева.





Тома Киров (1916-1997) е еден од основоположниците на македонскиот театар, дел од првата седморка актери професионално ангажирани во *Драмата на МНТ*, каде останува до 1983 година. Напоредно ангажиран и како наставник по актерско мајсторство во *Државна средна театарска школа* во Скопје (1950-1953).

Тодорка Кондова – Зафировска (1926-2003) во *МНТ* работи во периодот од 1945 до 1964 година. Дипломира на отсекот за режија на Академијата за театар и филм во Белград (1952) и нејзина прва режија е *Домот на Бернарда Алба* (1956, МНТ). Во периодот од 1976 до 1983 година ја води класата за драмски актери на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Автор е на книгата „Актерско мајсторство". Дел е од првата група на актери која ја напушта *Драмата на МНТ* и пристапува *Драмскиот театар* – Скопје во 1965. Игра во сите свои режии. Добитник е на наградита: Награда *11 Октомври* (1960 и 1983); Награда на весникот *Дневник* од Нови Сад (1975) и Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (1992).





Илија Милчин (1918-2002) е дел од легендата на македонскиот театар, актер, режисер, преведувач и педагог. Студира на отсекот за театарска уметност на Музичката академија во Белград (1941), а дипломира и на Правниот факултет во Софија (1942). Кон крајот на четириесеттите години посетува постдипломски студии по режија на Државниот театарски институт (ГИТИС) во Москва. Учествува во формирањето на *МНТ* (1945), работи како актер и режисер (1945-1983), а директор на *Драмата* е од 1964 до 1969. Формира и раководи *Областениот Македонски Народен Театар* во Горна Џумаја/Благоевград. Работи како наставник по актерска игра и по историја на театарот во Државната средна театарска школа во Скопје (1947-1951) и на Вишата музичка школа во Скопје (1970), како и на Факултетот за драмски уметности, каде е професор и шеф на катедра. Добитник е на повеќе награди: Награда *11 Октомври* (1963 и 1980); Награда за најдобро актерско остварување на МТФ *Војдан Чернодрински* (1979); Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (1987) и Награда за животно дело на Фестивалот *Стериино позорје* (1987).

Тодор Николовски (1902-1998) е дел од легенда на македонскиот театар, еден од најистакнатите македонски театарски и филмски уметници. Завршува едногодишен курс за актерски кадри во состав на *Народно позориште* – Скопје (1920). Работи во *Народно позориште „Краљ Александар I"* – Скопје (1919-1940) и во *Народен театар* – Скопје (1941-1944). Кон крајот на 1944 година, како член на Културно-уметничката група „Кочо Рацин", заедно со другите актери и режисери го основа *МНТ* во кој останува до 1974 година. Во 1945 година дебитира и како режисер. Еден од последните настапи му е на 85 годишна возраст кога игра во јубилејната претстава *Чорбаџи Теодос*, по повод пет децении од нејзината праизведба. Добитник е на неколку награди: Награда *11 Октомври* (1965); Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (1988).







Добрила Пуцкова (1926-2007) во првиот состав на *Драмата на МНТ* е од 1945 година, во кој останува во текот на сиот работен век, односно до пензионирањето во 1982 година. Игра во многу претстави, некогаш помали а некогаш поголеми/носечки улоги. Добитник е на Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (2002).

Мирко Стефановски (1921-1981) е актер и режисер. Од 1945 до 1951 година работи како актер во *МНТ*, а ја вршел и функцијата на помошник-управник (1962-1965). Работи и како управник на Работничкиот дом во Скопје (1960). Со режија се занимава од 1951 година, најпрво во *Народен театар* – Битола (1951-1957), потоа во *Народен театар „Војдан Чернодрински“,* Прилеп (1957-1960), а режира и во *Театар на народностите* – Скопје (1965-1981).



Крум Стојанов (1917-1996) е драмски актер и режисер, кој се обучува во Драмско студио во Белград (1939-1941). Најпрво работи во *Народен театар* – Скопје (1942-1943), во 1944 година со партизанската група „Кочо Рацин“ се префрла во Скопје. Како еден од неколкуминатата со звање артист, започнува да работи во новоформираниот *МНТ*, каде останува до 1964 година, кога со група актери преминува во *Драмски театар* – Скопје (1964-1984). Игра и во *Областениот Македонски Народен Театар* во Горна Џумаја/Благоевград, во сезоната 1947/1948 година. Добитник е на: Награда на Фестивалот *Стериино позорје* (1967 и 1969); Награда *11 Октомври* (1976); Златен медал *Љубиша Јовановиќ* за најдобро актерско остварување на Театарскиот фестивал во Шабац (1980); Награда *11 Октомври* за животно дело (1981); Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (1991).



Димче Трајковски (1898-1978), според легендата, е прв и најстар македонски професионален актер. Забележано е дека дебитирал во 1914 година, како епизодист во белградската патувачка трупа „Орфеум Бакиќ“, на која и се приклучил во текот на едно од нејзините гостувања во Македонија. Од 1919 член е на драмската секција на Културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ“ во Скопје, како и во театарот *Боем* на Петре Прличко. Го раководи сопствениот патувачки театар *Мало скопско позориште* (1933-1939). Во 1945 година влегува во професионален ангажман во *МНТ*, во кој игра главно во епизодни ролји до пензионирањето (1954).



Кирил Ќортошев (1922-2003) е актер на *МНТ* од 10 октомври 1945 година, само неколку месеци по неговото формирање, и во него останува до 1964, со прекин во периодот од 1955 до 1957 година. Актерскиот живот го продолжува во новоформираниот *Драмски театар*, во 1970 се враќа во ансамблот на Драмата при *МНТ*, и останува сè до 1985 година. Игра и во *Естрада 59*, првата вонтеатарска формација која работи во 1959/60. Добитник е на повеќе награди меѓу кои: Награда на град Скопје *13 Ноември* (1965); Награда за најдобро актерско остварување (1983) и Награда за животно дело (1996) на МТФ *Војдан Чернодрински*.



Благој Црвенков (1915-1995) е прв академски образован актер во Македонија, кој завршува на Вишата државна театарска академија во Софија (1944). Претходно наста-пува на сцената на *Народно позориште „Краљ Алекса-дар I“* – Скопје (1936) и *Народен театар* – Скопје (1944). Исто така, членува и во повеќе патувачки театри, меѓу кои и во „Боем“ на Петре Прличко, во 1938/1939 година. Припаѓа на групата на седумтемина првопримени акте-ри во драмскиот ансамбл на *МНТ* (31 јануари 1945) во кој останува до 1954 година. Дел е и од *Куклената сцена/ театар* на која матична куќа и е *МНТ*, подоцна преи-менувана во Градски куклен театар врз чии темели се формира *Драмски театар* – Скопје во кој останува до 1961 година.




Трајко Чоревски (1922-1955) е еден од основоположниците на *Драмата на МНТ*, во која членува од 1945 до 1951 година. Потоа преминува во *Народен театар* – Битола (1951-1955). Неговото име го носи На*градата за најдобар млад актер* што традиционално се доделува на МТФ *Војдан Чернодрински*.



Илија Цувалековски (1915-2004) е актер и педагог. Студира соло-пеење на Музичката академија во Белград, за да продолжи на Државниот конзерва-ториум во Софија, каде што дипломира во 1941 го-дина. Во текот на војната настапува во ансамблот на *Народен театар Скопје* (1942/43), а во 1944 оди во Москва, каде таа година работи како спикер и ре-дактор на Радио „Слободна Југославија“. Од 1945 до 1963 година работи во *МНТ*. Во наредните десет го-дини (1964-1974) со исклучителен успех настапува во повеќе загрепски театри, а ја води и единствената класа македонски актери запишани на Академија за театарска уметност (1967-1971). По враќањето во Скопје на Факултет за драмски уметности предава глума (1972-1981). Режира и преведува. Добитник е на: Награда *11 Октомври* (1973 и 1983); Награда за најдобро актерско остварување на МТФ *Војдан Чер-нодрински* (1982); Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* (1990).



Петре Прличко (1907–1995) е еден од најекспонираните и најпопуларни актери во историјата на македонскиот театар. Неговото актерско наследство театрологијата денес го вреднува како културно богатство од највисок ранг, чија кариера суштествено е одбележана со улогата на Јеротие Пантиќ во претставата *Сомнително лице*. Оваа митска претстава во историјата на *МНТ* – Скопје, непрекинато се игра од 1945 до 1987 година (последен пат на 21. 05. 1987), одиграна е вкупно 262 (дваесташеесетидва) пати, и една од најизведените претстави на сите времиња. Прличко игра во секоја, тој е нејзин најверен и најпрепознатлив лик. Се соживува со него, се препознава во него и, стануваст сè „поблиски“ или како што еднаш има кажано *Јеротие, тоа е тој*.
Прличко со севкупниот живот на сцената (театарска, филмска и телевизиска), како актер, режисер и автор на драми, си го обезбеди местото во легенда аа Македонија во 20 век. Неговиот начин на толкување кој е искрен, емоционален и прилагоден на физичката појава, создаде автентичен и специфичен стил на игра која се памети. *Големината* ја развива како плод на седумдецениско раѓање, делување и опстојување како актер во патувачки театарски групи и трупи на други јазици (српски и бугарски, од 1923 до 1944), како член на Културно-просветната група „Кочо Рацин“ и на театарот во Горно Врановци (1943/44), како актер во МНТ. Еден период е и директор на Драмата при МНТ (1972). Во својот театар, во кој е најдолго (од неговото формирање), Прличко ќе стане она што е и денес – најголема, најавтентична македонска актерска ѕвезда и миленик на публиката, со *кufер* полн импозантен актерски и театарски опус. На листата на најгледани претстави изведени на сцената на МНТ од основањето до денес, на прво место се наоѓаат токму оние во кои Прличко е најекспониран актер или е режисер (сите премиерно поставени помеѓу 1945 и 1953 година, во златното време на МНТ): *Чорбаџи Теодос* (заедничка режија со Тодор Николовски, во која ја толкувал ролјата на Арсо), *Сомнително лице*, *Госпоѓа Министерка* (заедничка режија со Димитар Ќостаров), *Коштана* (заедничка режија со Д. Ќостаров во која ја толкува улогата на Митке) и *Македонска крвава свадба* (заедно со Венко Марковски го адаптира оригиналниот текст на Војдан Чернодрински, ја режира заедно со Димитар Ќостаров и ја игра улогата на Селим-оџа).
Петре Прличко официјално заминува во пензија на 9 април 1973, кога МНТ му го одбележува големиот јубилеј - 50 години уметничка работа. За својот златен јубилеј Прличко го одбира *Скуп* на Марин Држиќ. Свечената изведба е во Универзална сала во Скопје (9 април 1973), а режијата е на Димитар Ќостаров и Бранко Ставрев.



КАТАЛОГИЗАЦИЈА

1. Карикатура на Драмата при МНТ (1955), темпера на картон, 29x21, автор: Василие Поповиќ-Цицо
2. Директорски стол од стариот МНТ користена од 1927 до 1977 година, кога Димитар Ќостаров ја пренесува на Факултетот за драмски уметности, каде што станува професор.

ОД КУД „КОЧО РАЦИН“ ДО МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР, СКОПЈЕ

3. 1 документарна фотографија од едночинката *Гардиското знаме*, премиера: 31. 12. 1944
4. 1 документарна фотографија од претставата *Платон Кречет*, премиера: 31. 12. 1944
5. Часовник, оригинална реквизита од претставата *Платон Кречет*, 1945/46

ЗА ПРВИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО СЕЗОНАТА 1945/46

6. Програмка од претставата *Приказна за правдата*
7. Текст за драмата *Народен пратеник*
8. Текст за драмата *Тартиф*
9. Текст за драмата *Власт*
10. Список на реквизити, сценографски и костимографски елементи, и мизансценски шеми за *Народен пратеник*
11. Програмка за претставата *Кралот на Бетајнова*
12. 1 документарна фотографија од претставата *Кралот на Бетајнова*
13. 1 документарна фотографија од претставата *Тартиф*
14. 1 документарна фотографија од претставата *Народен пратеник*
15. 1 документарна фотографија од претставата *Мисијата на мистер Перкинс во земјата на Болшевиците*
16. 4 документарни фотографии од претставата *Платон Кречет*
17. 1 документарна фотографија од претставата *Народен пратеник*
18. 2 документарни фотографии од претставата *Чорбаџи Теодос*
19. 2 документарни фотографии од претставата *Тартиф*
20. 2 документарни фотографии од претставата *Сомнително лице*
21. 1 документарна фотографија од претставата *Власт*
22. 1 документарна фотографија од претставата *Татковиот дом*
23. 2 документарни фотографии од претставата *Мисијата на мистер Перкинс во земјата на Болшевиците*
24. 1 документарна фотографија од претставата *Приказна за правдата*

***ЧОРБАЏИ ТЕОДОС*, ПРВАТА ПРЕТСТАВА РАБОТЕНА СПОРЕД ТЕКСТ ОД МАКЕДОНСКИ АВТОР**

25. Плакат за *Чорбаџи Теодос* за сезоната 1957/58, претстава број 109
26. Костимографска скица за Мери Бошкова во улогата на Кева, автор: Рада Петрова –Малкиќ, 1965
27. Костимографска скица за Вера Вучкова во улогата на Цонка, автор: Рада Петрова–Малкиќ, 1978
28. Плакат за *Чорбаџи Теодос* за 19. 12. 1978
29. Оригинална програмка *Чорбаџи Теодос*, сезона 1945/46
30. Текст од *Чорбаџи Теодос*, превземен од Крум Стојанов
31. 8 документарни фотографии од *Чорбаџи Теодос* од првата поставка
32. Текст за припрема на драмата *Чорбаџи Теодос*, користен од Крум Стојанов во 1945/46
33. Фес, реквизита од *Чорбаџи Теодос*
34. Табакера, реквизита од *Чорбаџи Теодос*
35. Муштикла, реквизита од *Чорбаџи Теодос*

***СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ*, ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА КОЈА НАЈДОЛГО ЖИВЕЕ ВО МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР**

36. Плакат *Сомнително лице*, јубилејна претстава, 25 години на сцената на Македонски народен театар во Скопје
37. Плакат *Сомнително лице*, јубилејна претстава, 25 години на сцената на







Македонски народен театар во Скопје, 12 октомври 1970


38. Мастилница и перо, реквизита од преставата *Сомнително лице*
39. Текст за драмата *Сомнително лице*
40. Текст за подготовка на улогата на Ѓока во изведба на Крум Стојанов
41. Програмка за *Сомнително лице* од сезоната 1945/46
42. Програмка за *Сомнително лице* од шеесетите
43. Програмка за *Сомнително лице* од 12. 10. 1970
44. Програмка за *Сомнително лице* од 13. 03. 1982
45. Програма на Македонски народен театар за март 1987
46. Влезници за театар за претставата *Сомнително лице* за 08. 04. 1985
47. 2 фотографии од првата поставка на *Сомнително лице* од сезоната 1945/46
48. 1 фотографија од *Сомнително лице* поставена во Народниот театар во Вараждин, Хрватска, каде Петре Прличко како гостин ја игра насловната улога
49. Плакат од гостувањето на Македонски народен театар во Народно позориште Београд со *Сомнително лице*, 08. 06. 1953 година
50. Оригинален плакат за *Сомнително лице*, автор: Василије Поповиќ – Цицо, а обоен од Петре Прличко
51. 14 фотографии од *Сомнително лице* од различни периоди и поставки
52. Скица за костимот на Крум Стојанов во улогата на Генерал Бергојн во *Ученикот на ѓаволот* (1952), темпера во боја, 17, 5x25, автор: Ана Петрова
53. Скица за костимот на Мери Бошкова за улогата на Леди Милфорд во *Интрига и љубов* (1952; масна боја на хартија, 29, 7x42, автор: Мира Глишиќ
54. Скица за костимот на Илија Милчин во улогата на Артемиј Филипович Земљаника во *Ревизор* (1956), темпера во боја, 30x42, со парче ткаенина, автор: Рада Петрова – Малкиќ
55. Скица за костимот на Ристо Стефановски за улогата на Крсто Даскалот во *Гоце* (1951); темпера во боја, 29, 7x42, 4, автор: Мира Глишиќ
56. Скица за костимот на Драга Арсенијевиќ во улогата на Феврoња Петровна во *Ревизор* (1956), темпера во боја, 30x42, Рада Петрова – Малкиќ
57. Скица за костим на Добрила Пуцкова и Цветанка Јакимовска во улогата на Лариса во *Мома без мираз* (1953), акварел во боја, 17, 5x35, автор: Ана Петрова
58. Скица за костимот на Илија Цувалековски за улогата на Гоце во *Гоце* (1951); темпера во боја, 29, 7x42, 4, автор: Мира Глишиќ
59. Скица за костимот на Добрила Иванова – Чабриќ во улогата на Хера во *Многу врева за ништо* (1955), темпера во боја, 20, 7x29, 7, автор: Мира Глишиќ
60. Скица за костимот на Димче Трајковски за улогата на Пекар во *Гоце* (1951); темпера во боја, 29, 7x42, 4, автор: Мира Глишиќ
61. Скица за костимот на Тома Кировски за улогата на Маршал на дворецот фон Калб во *Интрига и љубов* (1952); масна боја на хартија, 29, 7x42, автор: Мира Глишиќ
62. Скица за костимот на Ќирил Ќортошев во улогата на Гојко Савиќ, учител, во *Селската учителка* (1952), темпера во боја, 20, 7x29, 6, автор: Ана Петрова
63. Скица за костимот на Тодор Николовски во улогата на Паша во *Гоце* (1951), темпера, 29x41, автор: Мира Глишиќ
64. Скица за костимот на Благој Црвенков и Трајко Чоревски во улогата на Павлин Савеликќ во *Волци и овци* (1949), темпера во боја, 19, 5 x 29, 5, автор: Василие Поповиќ - Цицо
65. Скица за костимот на Тодорка Кондова во улогата на Греис во *Помладата сестра* (1952), темпера во боја, со парче ткаенина, 28, 3x20, 5, автор: Ана Петрова
66. Плакат од *50 години артистичка дејност на Тодор Николовски*, 11 – 15. 03. 1970 година
67. Покана за прославата *50 години уметничка дејност на драмскиот актер Тодор Николовски*
68. Билтен за Јубилеен *Чорбаџи Теодос, Тодор Николовски, 50 години артистичка дејност*

69. Тодорче Николовски, авторски примерок на Лилјана Мазова, бр. 012/100, отстапено за изложување на Музеј на МНТ
70. Билтен „Првите десет години Македонски народен театар 1945 – 1955“
71. Билтен „Пет години Македонски народен театар 1945 – 1950“
72. Издание „ Македонски народен театар 1945 – 1985“
73. Издание „ Македонски народен театар 1945 – 1995“
74. Легитимација на Тодорка Кондова во Народен театар – Скопје
75. Легитимација на Илија Милчин како драматург во Народен театар – Скопје, издадена на 23. 03. 1945 година
76. Книшка на Илија Милчин од Сојузот на драмски уметници на Југославија, бр. 885 за 1953 и 1954 година
77. Индекс на Илија Милчин од Музичката академија во Белград, театарски отсек, издаден на 30 октомври 1939 година
78. Исечок од весникот *Отонек* на Илија Милин, со статија под наслов „Ајде да се запознаеме“, бр. 48 и 49, од декември 1946 година, страна 33
79. Договор помеѓу Народен театар – Скопје и Илија Џувалековски, 1952 година, на Илија Џувалековски
80. Четки на Тома Владимирски
81. Шпатула на Тома Владимирски
82. Изјава на Тома Владимирски за работа во Народен театар Скопје од 01. 09. 1939 до 10. 09. 1951
83. Легитимација за Државната уметничка школа во Белград на Тома Владимирски
84. Покана за изложба на Василие Поповиќ – Цицо за Тома Владимирски, 1957
85. Легитимација на Илија Милчин како драматург во Народен театар – Скопје, издадена на 23. 03. 1945 година
86. Сценографска скица за претставата *На дното* (1949), темпера во боја, 15, 5 x 22, 5, автор: Томо Владимирски
87. Сценографска скица за II, III и IV чин во *Печалбари* (1949), темпера во боја, 34x24, 5, автор: Томо Владимирски
88. Сценографска скица во *Печалбари* (1949), темпера во боја, 39, 5x35, 5, автор: Томо Владимирски
89. Документарен филм од *Сомнително лице*, премиера 02. 04. 1982 година, снимено од МТВ, 1985 година и дигитализирано од ИЦФДУ, декември 2003 година
90. Документарен филм од *Чорбаџи Теодос*, снимено од МТВ, 1987 година и дигитализирано од ИЦФДУ, декември 2003 година
91. Костимот на актерот Петре Прличко, во улогата на Јеротие Пантиќ во *Сомнително лице* (1945), автор: Василие Поповиќ - Цицо
92. Сценографски реквизити за претставата *Сомнително лице*

ПЕТРЕ ПРЛИЧКО, АКТЕРОТ

93. Плакат за претставите *Сеоска лола* и *Коста Шуљке*, на театарот *Боем* под управа на популарниот комичар Перица Алексиќ
94. Автопортрети на Петре Прличко од различни периоди
95. Фотографии на Петре Прличко како Јеротие Пантиќ
96. Награда за особени заслуги и унапредување на театарската уметност на Стериино позорје, на Петре Прличко, 1980
97. Награда *Вук Караџиќ* на Петре Прличко, недатирано
98. Награда *Славица* за животно дело на Филмскиот фестивал *Филмски сусрети* - Ниш на Петре Прличко, 1991 година
99. Награда за животно дело на МТФ *Војдан Чернодрински* - Прилеп на Петре Прличко, 1988 година
100. Награда на Петре Прличко од *Вечер* за најпопуларно ТВ лице за 1977 година
101. Награда *Бранко Гавела* на Фестивалот Стериино позорје – Нови Сад на Петре Прличко, 1988 година
102. Пријавен лист за член на Здружение на актери на Кралството Југославија, триесеттите години
103. Решение на Петре Прличко од Народен одбор на град Скопје за признавање на работен стаж во Народен театар во Скопје од 01. 08. 1941 до 31. 12. 1944, издадено во 1953 година





104. Нотес со текстови од Петре Прличко со кој се обраќа на публиката при посетата на Канада
105. Обраќање на Петре Прличко
106. Две лулиња на Петре Прличко
107. Очила на Петре Прличко
108. Тетратка на Петре Прличко за учење на текстови со метод на учење со први букви
109. Фотографија на Петре Прличко како се припрема за улогата на Јеротије Пантиќ во *Сомнително лице*, 1982 година
110. Диктафон на Петре Прличко со кој ги подготвувал улогите
111. Тетратка на Петре Прличко за учење на текст за драмата *Скуп* со метод на учење со први букви
112. Печатено издание на Петре Прличко по повод триесет години уметничка дејност, 1926 – 56
113. Покана за прославата на Петре Прличко по повод триесет години уметничка дејност, 1926 – 56
114. Плакат за јубилејот на Петре Прличко, 50 години уметничка дејност
115. Плакат за програмата на јубилејот на Петре Прличко, 50 години уметничка дејност
116. Комплет мечеви со штит, подарок за Петре Прличко од екипата на претставата *Скуп* по повод 50-те њарњаски години од њарњасите, година на датирање: 08. 04. 1973
117. Сребрен комплет од мали и големи чаши, сад за слатко и послужавник на Петре Прличко, поклон по повод јубилејот 50 години уметничка дејност
118. Телеграми од различни институции и личности по повод јубилеи на Петре Прличко
119. Скица за костимот на Петре Прличко во улогата на Скуп во *Скуп* (1973), автор: Рада Петрова-Малкиќ
120. Скица за костимот на Петре Прличко во улогата на Антоан Антонович – Сквозник – Духмановски, градоначалник, во *Ревизор* (1956), автор: Рада Петрова-Малкиќ
121. Скица за костимот на Петре Прличко во улогата на Живота Цвијовиќ во II и III чин во *Д-р* (1972), темпера во боја, 39x29, автор: Рада Петрова-Малкиќ
122. Скица за костимот на Петре Прличко во улогата на Шајлох во *Венецијанскиот трговец* (1970), темпера во боја, 33x25, автор: Рада Петрова-Малкиќ
123. Скица за костимот на Петре Прличко во улогата на Митко во *Коштана* (1971), темпера во боја, 30, 5x32, автор: Рада Петрова-Малкиќ

ПЕТРЕ ПРЛИЧКО И ПУБЛИКАТА

124. 11 фотографии со портрет на Петре Прличко кои ги подарувал на публиката
125. Новогодишна порака и желби на децата од целиот свет
126. Лист од тетратка на Петре Прлико со бајка за деца
127. Нотес со пораки поврзани со децата
128. Визит карта на Петре Прличко
129. Писмо за Петре Прличко од Душица Марковиќ од Боговина
130. Писмо за Петре Прличко од Павле Стојаноски од
131. Писмо за Петре Прличко од Стевка К. VIII[1], Штип
132. Разгледница од Даница Димова, Титов Велес
133. Разгледница од верен обожавател

СИЛЈАН ШТРКОТ

134. Оригинален текст за драмата *Силјан Штркот*, драматизација на Петре Прличко, 1946
135. Оригинален текст за драмата *Силјан Штркот*, драматизација на Петре Прличко, за Народен театар - Титов Велес, 1951

СИЉАН ШТРКОТ ГО ОТВОРА КУКЛЕНИОТ ТЕАТАР НА МНТ



Македонскиот народен театар прв ја согледува потребата од создавање и негување на публика од најмлада возраст – децата. Во 1946 година прави уште еден значаен исчекор формирајќи ја Куклена секција која на плакатот за првата претстава ***Силјан Штркот***, на 21 април 1946, е веќе Куклен театар за деца. Во 1949 година и официјално прераснува во Градски куклен театар, чиј директор е Лазар Балабанов. Во сезоната 1957/58, под раководство на Ристо Стефановски, театарот се реорганизира во Младинско-детски театар.

Силјан Штркот е драматизација на од Петре Прличко, избор од македонското народно творештво,објавено во трудовите на Марко Цепенков,. Претставата е во режија на Светлана Малахова која сама ги изработува куклите-актери и раководи со нивната игра. Учествуваат актерите Ратко Гавриловиќ, Јордан Георгиевски, Тома Киров, Марија Мачевска, Деса Прличкова, Вера Филипова, Благоја Црвенков, Добрила Иванова, Трајко Чоревски, Цветанка Јакимовска...

Петре Прличко истата драматизација ја поставува/режира во 1951 година на сцената на Народниот театар *Јордан Хаџи Константинов-Џинот* во Велес.

МУ ЗЕЈ НА МНТ

Музеј на Македонски народен театар, Скопје

ИСЧЕКОР КОН СОНЦЕТО

Изложба по повод **71 година на Македонски народен театар**
Македонски народен тетар, 3 април - 3 мај 2016 г.

Автори на изложбата: **Јасминка Намичева, Ивана Јарчевска**

Автор на виртуелна тура: **Михаил Намичев**

Автори на музејска поставка: **Јасминка Намичева, Михаил Намичев**

Соработници: **Давор Черепналкоски, Игор Ѓеоргиев**

Уредници на каталогот: **Јасминка Намичева, Ивана Јарчевска**

Фотографии: **Од документацијата на Музеј на МНТ**

Графичко обликување: **Горјан Донев**

Издавач: **Македонски народен театар, Скопје**

За издавачот: **Дејан Пројковски, директор на МНТ**

Мотив на корица:
Карикатура на Драмата при МНТ (1955), автор: Василие Поповиќ-Цицо, ММНТ



3 април - 3 мај 2016г.